# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД

Бр. 39 2014

СПИСАНИЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА
**УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА**
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА



**70 ГОДИНИ**

**НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**



Национална установа Универзитетска библиотека
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА



**_Работно време:_**
**_од понеделник до петок_**
**_од 7 до 20 часот_**
**_сабота_**
**_од 8 до 15 часот_**

**_Упис: 200 денари_**





**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**
СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ
ОХРИДСКИ“, БИТОЛА

*

**Издавач**
Национална установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Ленинова 39

*

**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски, директор

*

**Издавачки совет:**
д-р Николче Вељановски,
претседател
Јоланда Бошевска
Гордана Марковска

*

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

*

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски,
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

*

**Лектура**
Ивана Коцевска

*

**Печати**
Академски печат - Скопје

*

**Тираж**
300 примероци

**ISBN 1409 - 9497**

Тел/факс.: 047/220-208;
Тел.: 047/ 220-515;
Тел. на изд.: 047/ 232-999
www.nuub.mk
e-mail:@nuub.mk

## СОДРЖИНА

70 ГОДИНИ РАБОТА И РАЗВОЈ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА ........ 2

СЕКТОР КОМПЛЕТИРАЊЕ НА БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ ........ 3

ПРИЕМ И ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА НА НОВОНАБАВЕН
БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ ........ 3

СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Подготвила Анета Стефановска ........ 4

СЕКТОР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО
Подготвиле Благој Николов и Гордана Пешевска ........ 5

СЕКТОР РОДНОКРАЈНА БИБЛИОГРАФИЈА
Приредиле Јоланда Бошевска и Цветанка Дамјановска ........ 7

ОДДЕЛ СТРУЧНА ОБРАБОТКА НА МОНОГРАФСКИ ПУБЛИКАЦИИ
Приредиле Марија МалгожатаМачковска и Олга Димитриевска ........ 8

МАГАЦИН ЗА КНИГИ ........ 9

ОДДЕЛ ПЕРИОДИКА
Приредиле Лидија Мирчевска и Милка Котевска ........ 10

РОДНОКРАЈНО ОДДЕЛЕНИЕ
Приредила д-р Светлана Талевска ........ 11

**ХРОНОЛОГИЈА**
70 ГОДИНИ РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕЧНАТА ДЕЈНОСТ
Национална установа Универзитетска библиотека
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” БИТОЛА 1945 - 2015
Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник ........ 12

ЗБИРКА ТУЃА ЛИТЕРАТУРА
Приредил д-р Николче Вељановски ........ 26

СЕКТОР ЗА ПОЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА
Приредиле д-р Николче Вељановски и Гордана Марковска ........ 27

ОДДЕЛ ИНФОРМАЦИИ ........ 28

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА КНИЖЕН ФОНД ........ 28

КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ
Подготвил Илче Стојановски ........ 29

СЕКТОР ОПШТИ СЛУЖБИ
Подготвила Ленче Андоновска ........ 30

ФИНАНСИСКА СЛУЖБА
Приредиле Цара Огненовска и Трајан Чагорски ........ 30

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКО ОДРЖУВАЊЕ
И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ ........ 31

ПЕНЗИОНИРАНИ ВРАБОТЕНИ (фото) ........ 32

РАЗГОВОР СО БЛАГОЈ НИКОЛОВ ........ 33

# 70 ГОДИНИ РАБОТА И РАЗВОЈ НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА



*Директор Науме Ѓоргиевски*

Во последните десеттина години Библиотеката доживува свој ренесансен период како во поглед на технички напредок во однос на стручната автоматизирана обработка на библиотечниот материјал така и во однос на меѓународната соработката со повеќе библиотеки во Европа. Реализирани се и повеќе инвестициони проекти. Да спомeнеме само некои: Осовременување на компјутерската опрема, замена на старите со нови 20 најмодерни компјутери за потребите на Библиотеката, Ентериерно уредување на холот од новото крило на Библиотеката. На првиот спрат од новото крило се изградени нова сала за промоции и читална – лабораторија за изучување на странски јазици. Се направија неколку административни простории и се обнови санитарниот чвор. Се направи реконструкција и конзервација на фасадата од стариот дел на Библиотеката. Ентериерно беше уредена читалната на Роднокрајната збирка со изложба на фотографии. Поставена е музејска библиотечна постапка во холот на стариот дел од Библиотеката, каде што е реновиран иподрумскиот дел со прилагодување на просторот за сместување на книги од туѓа литература и 1000 наслови стручни книги од познати европски и светски универзитети издадени од Владата на Република Македонија преку изработка на соодветни полици за нивно сместување. Направен е информативен лед монитор пред влезот на Библиотеката, а новото крило на Библиотеката се надгради со 500 $m^2$ корисен простор. Остана во план уште неговото ентериерно уредување.

Од Меѓународната соработка можеме да ги споменеме посетите на повеќе библиотеки од Европа, како: Турција, Бугарија, Албанија, Хрватска, Чешка, Русија, Полска, Словачка, Холандија, Шпанија, Германија, Швајцарија, Грција, Австрија, особено со нивната амбасада во Р. Македонија, при што е отворена и Австриска библиотека во склоп на НУУБ. “Св. Климент Охридски” – Битола.

Во 2004 год. организиран е прв Меѓународен саем на книгата во Битола на кој учество зедоа 40 издавачи од кои 7 од странство. Истиот се организира континуирано во текот на 10 години; потоа Мини саем на книгата „Битола чита“, од 2008 година на плоштадот „Магнолија“ во центарот на градот. Повеќе Мини саеми во просториите на Библиотеката, а по повод денот на културата редовно се одржуваше Мини саем во центарот на градот, под име „ Панаѓур на книгата“.

Успешната реализација на активностите на нашата институција, придонесоа за наш ангажман во раководењето на БЗМ со наши кадри, добивањето на Климентовата повелба и промовирање на неколку виши библиотекари во звање библиотекар советник. Следуваше и наградата 4 Ноември за едногодишно достигнување на Библиотеката во 2008 год. Во областа на издавачката дејност исто така во последните години постигнати се забележителни резултати, впрочем издадени се бројни монографски и периодични публикации – книги, каталози, зборници, библиографии, CD и DVD изданија кои придонесуваат во збогатувањето на фондот на наши изданија од нашата стручна и научна работа, а воедно и во популаризацијата и афирмацијата на библиотечната дејност. Нивниот досегашен број е околу 50 наслови.

# СЕКТОР КОМПЛЕТИРАЊЕ НА БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Комплетирањето на библиотечен материјал, претставува еден од поважните процеси во работата на Библиотеката и предвидува континуирана набавка на монографски и периодични публикации, постојано следење на издавачката продукција во земјата и светот, набавка на друг непечатен библиотечен материјал (аудио и видео касети CD ROM – ови, DVD и разни други носители на слика и звук).

Исто така комплетирањето на фондот се врши по пат на задолжителен примерок, меѓу библиотечна размена, купување и подарок.



Особен придонес во дополнувањето на книжниот фонд во последните години даде и Владата на Р. Македонија со реализацијата на обемниот проект со издавање на 1000 преведени наслови на стручни дела од врвни автори од најпрестижните универзитети во Европа и светот, серијата на книги – Нобеловци и преводот на 130 македонски книги на англиски јазик.





# ПРИЕМ И ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА НА НОВОНАБАВЕН БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ



Библиотекарски помошник Благој Бошевски врши оперативно-технички и помошни стручни работи во процесите на набавка, прием, комплетирање и размена на библиотечен материјал; ја следи состојбата на книжниот фонд и спроведува мерки за негова заштита и правилно чување и користење, го распоредува сиот библиотечен материјал, потпечатува книги, доставува обработени книги во магацинот, по потреба врши и други работи и работни задачи по налог на директорот.

# СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Подготвила
Анета Стефановска,
библиотекар советник



Во рамките на овој новоформиран сектор во НУУБ. "Св. Климент Охридски" – Битола во текот на последните неколку години се планираа организираа и координираа активностите за реализација на планот и програмата односно проектите од областа на Меѓународната соработка и маркетингот. Во текот на овој период од функционирањето на овој сектор се инцираше и прошируваше Меѓународната соработка со сродни институции во странство – библиотеки, институции и асоцијации преку разни форми на манифестации, мултимедијални програми и презентации, изложби, учество на саеми, семинари и стручни усовршувања, научни трибини во странство и нашата земја. Во исто време се збогатуваше фондот со библиотечен материјал преку меѓубиблиотечната размена – особено со странска литература, се овозможува присуство на македонска литература во фондовите на странските библиотеки, се врши презентација и популаризација на Установата, Општината и Р. Македонија.



Потпишани се договори и спогодби за меѓународна соработка и размена на публикации со повеќе држави, односно еминентни национални и универзитетски установи и библиотеки. Меѓу позначајните меѓународни соработки би ги издвоиле: Учество на трите светски конгреси на IFLA во Милано – Италија, Гетеборг– Шведска и Сан Хуан – Порто Рико . Учество на симпозиумот на Сојузот на Балканските библиотеки во Едрене – Турција во кој и ние сме членка. Воспоставената соработка со библиотеки од: Холандија – Амстердам, Полска – Вроцлав и Варшава, Хрватска – Сплит, Задар и Дубровник, Турција – Едерене и Истамбул, Бугарија – Софија и Пловдив, Грција – Солун, Албанија – Корча, Русија – Москва (детска библиотека и библиотеката „Ленин“), Шпанија – Барселона, Германија – Берлин, Швајцарија – Цирих, Австрија – Виена и амбасадата на Р. Австрија во Р. Македонија (Благодарение на оваа соработка во Библиотеката од 2012 година сместен е „Австрискиот библиотечен фонд“), Украина, Словачка, Словенија – особено со Марибор, каде сме учествувале на повеќе стручни усовршувања, семинари и симпозиуми од областа на библиотекарството и програмата COBISS која како платформа ја користиме во работата на нашата установа.



# СЕКТОР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕКАРСТВОТО

Подготвиле Благој Николов, библиотекар советник
Гордана Пешевска, виш библиотекар

Развојот на науката и образованието во XX век изврши големо влијание на библиотеките и нивното работење, а со тоа се развива и библиотекарството како во поглед на стручниот кадар, сè побогатите книжни фондови и на крајот сè поголемите и функционални простории.



Повеќе од две децении една од оперативните задачи на овој сектор е и автоматизација на библиотеките од општината и западниот регион на Р. Македонија. Во почетокот на 90-тите години се започна со постепена каталошка обука на единствениот терминал во библиотеката преку кој Библиотеката беше влезена во Системот за научно-технички информации на Југославија (СНТИЈ) на взаемна каталогизација, кој имаше улога на БИС, а на компјутерскиот систем во Марибор му беше доверена улога на главна информациска база на податоци (host). Исто така, на корисниците од Медицински центар – Битола им се помагаше во пребарувањето на медицинските бази на податоци на ЦД-РОМ-ови. Корисниците пребаруваа и на PROQUEST – програмот со околу 1000 списанија на ЦД-РОМ-ови, од кои четиристотини со полн текст. Веќе на почетокот од 1996 година, со набавката на серверот Digital Alpha 400/166 и воспоставувањето на компјутерската и мрежната опрема, неопходни за потребите на автоматизираното библиотечно работење, МУБ, заедно со НУБ – Скопје и ПМФ од Скопје, склучија договор со ИЗУМ за имплементирање на понова верзија на библиотечниот софтвер, усовршена и надградена според меѓународните стандарди за библиотечно работење под името COBISS.

Кон крајот на 2001 година беше потпишан и нов договор со ИЗУМ за користење на понова верзија од софтверот, т.е. COBISS2 (со која и денес работиме), како и за активирање на модулот за заемна каталогизација и воспоставување на заемна библиографска база COBIB/MKD. Беше извршена обука за заемна каталогизација и следствено, после тоа, на 17 декември 2001 година беа активирани механизмите за кооперативна библиографско-каталошка обработка на библиотечниот материјал на библиотеките кои беа вклучени во COBISS2. Кон заемната библиографска база беа додадени и 50.521 библиографски записи од нашата база.

До крајот на 2001 година ретроспективно беше обработен скоро целиот книжен фонд, со што беше обезбеден главниот услов за активирање на модулот за автоматизирано позајмување на библиотечниот материјал. Тестната база за програмскиот сегмент COBISS/Позајмување беше инсталирана во септември 2003 година и во октомври истата година се одржа обука на 10 библиотекари за работа во истата. НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола стана прва



*На обука во ИЗУМ, Марибор, 1996*

библиотека во Македонија која започна да работи со сегментот COBISS3/Зајмување.

Во 2003 година во Белград беше потпишана спогодбата за воспоставување на мрежата COBISS.Net, со што технички се овозможи преземањето на записите од која била заемна база на податоци COBIB.

Во текот на 2004 со проектот „Автоматизација на библиотеките од југозападниот регион“, одобрен од Министерството за култура на Р. Македонија, беше овозможено поврзување на пет библиотеки од западниот регион (Прилеп, Кичево, Струга, Охрид и Тетово), со што се оствари желбата за доизградба на библиотечно-информативниот систем на Македонија. Во нашата Библиотека со истиот проект беше набавен нов Digital Alpha Server DS 15 и друга придружна опрема потребна заради скората инсталација на локалните бази на библиотеките од западниот регион. Со примената на COBISS системот, Библиотеката стана носител на автоматизацијата во западниот регион и води грижа за непречено и квалитетно функционирање на системот преку перманентната хардверска и софтверска надоградба на серверот, мрежната периферна опрема, инсталација, одржување и документирање на системските помошни програми, како и посебни мерки за заштита на локалните бази на податоци (секојдневен, неделен и месечен backup на податоците).

Во 2007 година, со проектот „Автоматизација на библиотеките од западниот регион – I фаза“, беа приклучени уште пет библиотеки, и тоа библиотеките во Гостивар, Дебар, Неготино, Крушево и Демир Хисар. А со реализацијата на проектот „Автоматизација на библиотеките од западниот дел на Р. Македонија – завршна фаза“ (2008 година), одобрен и целосно финансиран од Министерството за култура при Владата на РМ, се приклучија и преостанатите две библиотеки: во Македонски Брод и Ресен, со што се заокружи овој процес и денес сите јавни библиотеки (национални и локални) во западниот дел на РМ се поврзани во единствена библиотечна мрежа.

Во 2011 и 2012 година, во рамките на БИТФЕСТ, беа реализирани проектите „Презентација на COBISS/OPAC“ и „Моја библиотека“ со цел приближување на нашите автоматизирани услуги до корисниците.

Последните неколку години активно се обучуваа библиотекари како во сегментот каталогизација, така и во сегментот зајмување.

Од 2013 година започнаа обуките за имплементација на новата платформа COBISS3, т.е. вкупно 17 библиотекари се обучија во сегментитите COBISS3/Фонд, 2 - COBISS3/Фонд-сериски публикации и 1 - COBISS3/Зајмување и за таа цел се изврши централизација на локалните бази на податоци, односно нивно префрлување на серверот на НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Истата година во нашата библиотека се одржа курс COBISS3/Зајмување и се обучија уште 11 библиотекари во овој сегмент. На подрачјето на општина Битола преку секторот Унапредување на библиотекарството, Националната установа - Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ - Битола, им укажува и стручна помош на сите видови библиотеки (училишни, високошколски и спезијализирани), како и на библиотеките од Западниот дел на Р. Македонија за библиотечното работење.



Оваа година во координација на Библиотекарското здружение на Македонија, НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола и Регионалниот центар на СОНК за Битола, Демир Хисар, Ресен, Могила и Новаци покренаа иницијатива за изготвување на проект за автоматизација на училишните библиотеки во овој регион, како пилот проект. Ова би ја опфатило во првата фаза автоматизација на основните и средните училишта во општина Битола, со што би се приклучиле кон системот COBISS и Виртуелната библиотека на Македонија.

# СЕКТОР РОДНОКРАЈНА БИБЛИОГРАФИЈА

Приределе Јоланда Бошевска, библиотекар советник
Цветанка Дамјановска, библиотекар советник



Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Битола во почетокот на своето оформување не изготвувала библиографии, кои како почетна фаза во научно-истражувачката работа имаат посебно место зашто во нив се попишани и класирани публикациите наменети за пошироката јавност.

Со таа цел, во далечната 1982 година, за прв пат се формира Библиоитечно-библиографски информативен оддел за потоа, во април 1986 година, истиот да прерасне во Библиографски оддел. По бројните консултации со Библиографскиот оддел при НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје се отпочна со работа. Најнапред беше изготвен и објавен „Прегледот на докторски и магистерски трудови на научните работници од подрачјето на Битола одбранети на Универзитетите во земјата и странство во периодот од 1955-1990“ .

Во овој сектор се истражува, проучува и се врши избор на граѓа за вклучување во роднокрајна библиографија (тековна, ретроспективна и специјална), се формираат, комплетираат и редактираат свески од библиографии и се изготвуваат придружни текстови за библиографиите.

Роднокрајните библиографии се подготвуваат во три серии:

- монографски публикации
- сериски публикации
- статии од сериските публикации

Периодичните публикации најнепосредно ги отсликуваат настаните во политичкиот, економскиот, културниот и научниот живот во земјата и во светот. Заради тоа библиографскиот сектор се определи за изготвување ретроспективна библиографија на битолскиот печат во повеќе фази.

Во првата фаза се направи ретроспективна обработка на „Битолски весник“, затоа што во тој период само тој материјал можеше да се обработи "de visu". Библиографската граѓа преку хронолошки средените статии им ги прави достапни на граѓаните на Битола и пошироко сите актуелни информации од стопанството, културата, спортот и други секојдневни настани забележани на страниците на ова гласило на градот. Целокупната граѓа е обработена според соодветни меѓународни стандарди при што за класификација се користи системот УДК. Исто така, за прв пат во библиотеката беше воведен Предметниот регистар во обработка на една публикација. Покрај него библиографиите содржат регистри на наслови и автори.

Првата свеска Ретроспективна роднокрајна библиографија "Битолски весник" : статии 1964 – 1974 е издадена 1993 година. Изработени се вкупно 4 свески, од кои последната е издадена во 2004 година и го опфаќа периодот од 1996 – 2000 година.

Следи Библиографија на Универзитетот во Битола (1979-2003), Библиографија на Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ (1945-2008)

Изработени се следните авторски, односно персонални библиографии:

Владимир Костов : персонална библиографија; Вера Стојчевска-Антиќ : персонална библиографија; Ѓорѓи Димовски-Цолев : персонална библиографија; Никола Кочовски : персонална библиографија и Радован П. Цветковски, во подготовка.

Исто така, за овој оддел посебно треба да се истакне дека во своето работење применува и нови содржини во селектирање и обработка на библиотечен материјал, ЦД и ДВД-ромови, се со цел да даде придонес во откривањето и заштитата на непроценливото богато културно наследство на Република Македонија. Во периодот од 2007 до 2009 година

изготви два проекти со работен наслов: Заштита на стари книги и ракописи во Битола и Битолско од кои произлегоа два проекти и тоа:

- Од ризницата на стари книги во битолските цркви ЦД-РОМ 2007;
- Од ризницата на стари книги во црквите во Битолско ДВД-РОМ 2009.

Библиографските записи се подготвуваат со програмската поддршка COBISS, што овозможува поголема ефикасност во информирањето преку можноста за директна on- line информација. Секоја библиографска единица во системот COBISS.MK има свој ID број, единствен број за соодветниот библиографски запис пребарлив во сегментот COBISS/OPAC.

Во Секторот Библиографии работеа 3 библиотекари, од кои двајца неодамна добија звања библиотекари советници и еден виш библиотекар кој во 2012 замина во пензија. Роднокрајната библиографија е од особено значење за македонската национална култура, бидејќи претставува дополнение на националната и македонска библиографија.



# ОДДЕЛ СТРУЧНА ОБРАБОТКА НА МОНОГРАФСКИ ПУБЛИКАЦИИ

Приредиле Марија МалгожатаМачковска, библиотекар советник
Олга Димитриевска, библиотекар







Книгите биле обработувани од почетокот на постоењето на Библиотеката. Одделот Стручна обработка на монографски публикации почнува официјално да функционира од 1962 година со посебни работни места: Сигнирање, инвентаризација (нвентарирање), каталогизација – обработка и децимална класификација, со тоа што умножувањето е со помош на машини за чукање (еден работи на кирилица, а друг на латиница) и на шапилограф, а подоцна е купен минифиш за умножување. Каталожните картончиња се распоредуваа во разновидни библиотечни каталози. Со воведување на автоматизација на библиотечните процеси во почетокот на 90-тите години, во Одделот почнаа да се користат за работа терминалите, односно компјутерите. Во Одделот секојдневно стигнуваат книги кои поминале веќе техничка обработка и се врши стручна обработка на монографски публикации според меѓународни стандарди и правила.

Во Библиотеката за стручна обработка на библиотечниот материјал се користи програмска поддршка на системот COBISS (кооперативен online библиографски систем и сервиси), прифатена од страна на сите библиотеки во Македонија и делумно во регионот. Моментално за библиографски опис на публикациите се користи програмата COBISS2, а при

внесување на податоци за фондот се користи понова верзија на програмата - COBISS3/фонд. Во иднина сите процеси на обработка на книжниот фонд ќе бидат извршувани во осовременета програма за работа во библиотеките - COBISS3.

Во Одделот се систематизираат монографски публикации според Универзалната децимална класификација и правилата за предметизација, а библиографско-каталожниот опис на книги се изработува според стандардот ISBD(M) (International Standard of Books Description) – Меѓународен стандарден библиографски опис за монографски публикации. ISBD-стандардите издадени од страна на Меѓународниот сојуз на библиотекарски здруженија IFLA (InternationalFederation of LibraryAsociations) овозможуваат единственост во обработката на библиотечната граѓа и успешна размена на библиографските информации.

Секоја библиотека има четири основни задачи: да прибира граѓа, да ја обработува, да ја чува и заштитува и да ја обезбеди нејзината употреба.Во рамките на овие дејности особено е значајно обезбедувањето пристап до библиотечната граѓа и откривањето на содржинската структура на библиотечните фондови. Значаен чекор во класификацијата на книжниот фонд претставува точно одредување на предметот (темата) на дадената публикација. Предметизацијата или предметниот опис е процес на библиотечна обработка на публикациите чија цел е утврдување и презентирање на нивниот предмет со помош на предметна определница. Следна етапа во работата е одредување на соодветниот индекс на определениот предмет. Системот на знакови УДК (Universal Decimal Classification) е вештачки јазик, прифатен во цел свет, со кој се елиминираат многу двосмислености на природните јазици. Неговата универзалност се гледа пред сé во тоа што целокупното знаење го систематизира во релативно мал број групи, а со применувањето на децималните броеви се овозможува неограничена поделба во рамките на една група. Користејќи ги само бројчаните индекси, оваа класификација нема пречки кога е во прашање јазикот и писмото. Стручниот УДК-каталог на библиотекарот му помага во секој момент да има увид во застапеноста на одредени стручни и научни подрачја во библиотечните фондови.

Библиотечниот фонд се сместува во Магацинот за книги (Оддел за зајмување и услуга за возрасни) и во Магацинот на Детското одделение по четири формати на големина кои се одредуваат при сигнирањето. На посебно место се сместува Депозитниот фонд, Збирката туѓа литература и фондот на Австриската библиотека.

Во Одделот стручна обработка на монографски публикации покрај обработката на библиотечниот материјал се изработуваат и CIP- записи на нови изданија на Библиотеката. Во изминатите години беше извршена ретроактивна обработка на целокупниот фонд на монографски публикации со што станавме прва библиотека во Македонија со целосно автоматизирани процеси на обработка и комплетно внесен библиотечен книжен фонд во базата на податоци.

## МАГАЦИН ЗА КНИГИ



Фондот на монографски публикации сместен е во Магацинот каде книгите се подредени по формат (четири големини на книгата)

Фондот на монографски публикации континуирано се зголемува, така што постојано се налага потреба од проширување на постојниот магацински простор. Во посебна просторија е сместен задолжителниот примерок, Збирката туѓа литература (освен словенската литература), како и просторија каде е сместен фондот на Австриската библиотека. Книгите се доставуваат преку лифтот до пултот за издавање.

# ОДДЕЛ ПЕРИОДИКА

Приредиле Лидија Мирчевска, виш библиотекар
Милка Котевска, библиотекар



Периодичните публикации се главни носители на актуелни информации и сознанија од сите научни дисциплини, кои најнепосредно ги отсликуваат настаните во политичкиот, економскиот, културниот и научниот живот во земјата и светот, воопшто. Периодични публикации се: весниците, списанијата, годишниците, извештаите, зборниците, билтените, алманасите итн. Весниците како дневен или неделен печат имаат информативна улога и известуваат за тековни настани. Списанијата излегуваат неделно, месечно, т.е. периодично.

Одделението „Стручна обработка на периодични публикации" во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола го собира, чува, стручно го обработува и го дава на користење фондот на периодичните публикации, кои покрај монографските, претставуваат еден од основните фондови на библиотеката.

Со текот на годините, од формирањето па сè до денес, оваодделение постепено го зголемува својот фонд. Уште во далечната 1953 година се започна со конзервирање и укоричување на периодичниот материјал и притоа беше опфатена поглавната периодика од 1945 година(така само за една година се укоричија 60 весници и 70 списанија). Со тоа беше зачувана една многу важна и потребна материја за читателите на библиотеката. Кога во 1954 година, Градската библиотека во Битола од страна на Друштвото на библиотекарите – Скопје беше прогласена за македонски депозит, ги добива како задолжителен примерок сите изданија што излегуваат на подрачјето на Република Македонија, а со тоа и периодичните публикации. Така фондот со текот на годините постепено се зголемува.Од 1994 година се прават првите online – записи, а официјално од 1996 година кога почнува да функционира автоматизираниот библиотечен програм врз платформата COBISS. Вработените во Одделот постојано ги следат новините од автоматизираните библиотечни процеси и програми.

Денес фондот на периодичните публикации во Библиотеката се движи околу 2500 наслови. Во ова одделение, читателите можат да најдат голем број весници и списанија од бившите Југословенски простори, како и странска периодика. Периодичниот фонд континуирано се збогатува и со одреден број подарени и бесплатни списанија и весници, но најголемиот број од фондот го сочинува периодиката добиена по задолжителен пат. Обработката на периодичните публикации се врши според меѓународно прифатениот стандард за обработка ISBD(S) и во магацините се редат според големината на нивниот формат.

На располагање на читателите во Одделението им се пет дневни весници (Дневник, Вечер, Утрински весник, Вест, Нова Македонија), три неделни (Битолски весник, Его, Јавност) и др. Редовно се добива и Службен весник на Република Македонија.

Со цел да се придонесе за развојот и усовршувањето на библиотекарството, а и на популаризирање на периодичните публикации, вработените во ова одделение реализираа неколку проекти поддржани од Министерството за култура. Така беше реализиран проектот за изработка на „Водич низ периодиката во НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола во 2009 година, наменет за популаризацијата на периодичниот фонд на Библиотеката, а во 2010 и 2011 година беше реализиран проектот „Повоените македонски писатели“ I и II кој се одвиваше етапно во две фази.

## ПОСЕБНИ КНИЖНИ ФОНДОВИ

# РОДНОКРАЈНО ОДДЕЛЕНИЕ

Приредила д-р Светлана Талевска,
виш библиотекар



Роднокрајниот оддел како составен дел од НУУБ „Свети Климент Охридски“ - Битола, е формиран во 1977 година како едно работно место со Збирката туѓа литература. Ова Одделение има значајно место во постоењето и работењето на библиотеката, но и во општественото и културното живеење на градот. Овој оддел со својата роднокрајна збирка претставува хроничар на настаните во секој сегмент од живеењето на Битола. Тој е сведок на минатите времиња, чувар на историјата и буден набљудувач на сите настани и литературни и културни случувања.

Битола е градот кој што низ неповторливата историја, во балкански рамки, оставил записи, траги и сведештва на најмногу библиотеки - јавни, приватни, мултикултурни, мултиконфесионални. Не постои град на Балканот кој својата историја ја градел пред сé и врз неверојатниот број на библиотеки и читалишта од сите националности. Битола е град со огромна библиографска цитираност и присутност и во меѓународни рамки. Од најстарите времиња Битола била центар на културните случувања во овој дел на Балканот, а по битолските цркви и манастири биле создавани, сместувани и чувани ракописни дела од најпочитуваните црковни творци низ историјата. Традицијата на почитување, заштита и чување на литературните дела и денес се негува.

Критериумите за собирање на материјалите во роднокрајното одделение се: печатените материјали или ракописите да се однесуваат на битолскиот крај, без разлика на потеклото на авторите; печатените материјали да бидат издадени на битолското подрачје; што се однесува до авторите, треба да бидат од Битола и Битолско, или ако не се со вакво потекло еден период да живееле и твореле на ова подрачје со што допринеле за популаризација на истото.

Работата во овој оддел се темели врз најсовремените текови на библитекарството и библиотечната наука. Работните задолженија произлегуваат од важноста и значењето на самиот оддел и подразбираат: истражување и комплетирање на библиотечниот материјал за вклучување во роднокрајниот фонд, комплетна стручна обработка на монографските публикации, (белетристика, научана и стручна универзитетската литература, дипломски, магистерски и докторски трудови), а исто така тука обработени се околу 1000 театарски работни сценарија. Собрани се голем број на семинарски работи од студентите на Педагошкиот факултет – Битола по предметот Македонски јазик. Поголемиот дел од фондот на Роднокрајното одделение е сместен во Роднокрајната читална по формат, а истиот може да се користи само во Читалната.



Во ова Одделение се чуваат и ракописите од роднокрајните автори, една исклучително вредна збирка со која НУУБ „Свети Климент Охридски“ - Битола се гордее. Тоа се автори кои создаваат еден широк, разновиден но истовремено толку препознатлив авторски опус издигнат на ниво на литературни средини кои имаат многу подолга литературна традиција од нашата. Тука се наоѓаат ракописите на: Владимир Костов, Радован П. Цветковски, Доне Пановски, Ѓорѓи Димовски-Цолев и уште ред други битолски роднокрајни автори. Во тоа значајно ракописно наследство се наоѓаат и ракописите од Ванчо Николески подарени на библиотеката во 1969 г. и ракописите од Филип Каваев, подарени на библиотеката во 1966 г., со посебна посвета на секој ракопис „На Матичната библиотека „Климент Охридски“ во Битола, за чување во катчето - Што дале Битолчани“.

Во рамките на ова Одделение од 2005 година до денес се одржани 9 (девет) Роднокрајни средби на битолските писатели од Македонија кои секоја година на Тркалезната маса на тема, изнесуваат свои кратки трудови кои се публикувани во исто толку Зборници.

# ХРОНОЛОГИЈА
# 70 ГОДИНИ РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕЧНАТА ДЕЈНОСТ
## Национална установа Универзитетска библиотека „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” БИТОЛА 1945 - 2015

Приредил д-р Николче Вељановски,
библиотекар советник

Ова е **второ продолжение на оваа поопсежна хронологија** (**2005, 2010, 2015**) за развојот на библиотечното работење во нашата установа кое ги вклучува: **промените на локацијата на библиотеката, првите работни места и имињата на вработените, формирањето на одделите во централната библиотека и реонските библиотеки, поважните први настани и средства за работа, публикуваните дела како и активности од поголемо значење за Библиотеката. Внесени се и просторните промени и промените од почетокот на автоматизацијата до денес. Тука се и присуствата на конференции, учествата со свои трудови, посетите на библиотеки во странство, престои итн.** За хронологијата ги користев изворите по следниот редослед: личната интроспекција како резултат на моето повеќе од триесет години работно искуство, интервјуата со триесеттина пензионирани и други библиотекари, како и со шестмина директори кои беа објавени во списанието на Библиотеката, “Библиотечен тренд” (секако дека списанието остана потсетник и за настаните од неговото прво појавување во 2003 година до денес), брошурата “Библиотеката низ бројки”(1974) “Зборникот библиотекарство во Битола и Битолско (1995), Монографијата по повод јубилејот - 50 години од постоењето на Библиотеката (1995), Монографијата по повод јубилејот - 60 години од постоењето на Библиотеката (2005) и Летописната книга од 1960-1974 година. Се надевам дека оваа хронологија ќе биде темел за понатамошно истражување во нашето библиотечно работење, а воедно и предизвик да се дополни со настани кои сум ги пропуштил.

| | | |
|---|---|---|
| 1945 | Со решение на Градскиот народен одбор основана е **Градската народна библиотека во Битола**, лоцирана е во просториите на поранешниот хотел “Турист” на ул. “Маршал Тито”, наспроти денешниот Центар за култура, а потоа е преместена во зградата на основното училиште „Климент Охридски“, денешно ОУ “Гоце Делчев”, а потоа во поранешниот ресторан “Ројал” на ул. Маршал Тито бр. 80 (Во ова време библиотеката работи под фирмата на Домот на културата) | |
| 1945-1957 | | **Перса Вилос, директор** |
| 1946 | Обновено е Градското читалиште | |
| 1948 | Се споменуваат 30 читалишта | |
| 1952-1954 | Библиотеката е сместена во зградата на поранешниот Пионерски дом | библиотекари: **Александар Тасевски** (работи до 1966 год.) и **Љуба Бошкова** |
| 1954 -1974<br><br>1954 | Библиотеката е сместена во зградата на ул. Маршал Тито бр. 89<br><br>Библиотеката е прогласена за македонски депозит | Директори: **Перса Вилос, Живко Василевски, Тоде Ѓоревски и Методија Размовски** |
| 1955 | Формирање на Детска библиотека | Прв вработен е **Живко Богданов** (една година) потоа ја презема **Лилјана Тасевска** |
| 1957 | Прв Совет на Библиотеката | Проф Нико Налбанти, претсед. |
| 1957 | | **Живко Василевски, директор** |
| 1957-1960 | | **Тоде Ѓореск, директор** |
| 1957 | Прв пат “Месец на книгата” | |

| | | |
|---|---|---|
| 1957 | За првпат во составот на Библиотеката започнаа да функционираат и реонски библиотеки - клонови | **“Чинарот”- Вукица Бошевска, “Јени Маале” - Димче Стојановски, “Стево Патако” Коста Николовски** (1973 затв.) |
| 1960-1970 | Матична библиотека | **Методија Размовски, директор** |
| 1960 | Воведување на Летописна книга | |
| 1960 | Матична дејност | **Живко Богданов** |
| 1961 | Подвижна библиотека | **Живко Богданов** |
| 1961 | Раб. место сметководител-благајник | **Марија Стојковиќ** |
| 1962 | Воведена е **децимална класификација** на библиотечниот материјал | **Александар Тасевски** (каталог латиница), **Живко Богданов** (каталог кирилица) |
| | Инвентарирање | **Љуба Бошкова** (во 1972 се пенз.) |
| | Сигнирање | **Перса Вилос** |
| | Каталогизација-обработка<br>- услужување на периодика | **Оливера Стефановска** (кирилица), **Радмила Стрнад** (латиница) (во 1964 си заминува) |
| | Умножување на машина за чукање, шапилограф | **Менка Колевска** (дактилограф - архивар, 1962) |
| 1964 | Формирање на Подврзувачко од. | **Александар Врклевски** |
| 1965 | Библиотека во с. Бистрица | **Никола Ѓупаровски** |
| 1966 | Библиотека во с. Буково | **Десанка Врклевска** |
| 1966 | Библиотека во с. Кукуречани | **Васка Темелкова** |
| 1966 | Формирање на **Завештаен фонд и фонд за туѓа литература** | Само се прибираат материјали, исто така и од **Дробен печат** |
| 1966 | Прва публикувана книга | “Климент Охридски” |
| 1967 | ДБМ со Седиште во Битола | **Размовски Методија, претсед.** |
| 1967 | Библиотека во с. Дихово | **Христо Георгиевски** |
| 1968 | Набавен првиот “**Библиобус**” | |
| 1968 | Набавка на печатарска машина | За потребите на Библиотеката |
| 1969 | Набавка на апарат за дезинфекција и дезинсекција | **Александар Врклевски-патент** награден на Макинова |
| 1969 | Прибрани ракописите на | **Ванчо Николевски во Завештајниот ф.** |
| 1971 | Библиотека во с. Лера и “Кочо Десано” во Битола | |
| 1974<br>(14 февруари) | Библиотеката се преселува во зградата на адаптираното хируршко одделение на старата битолска болница на ул. Ленинова 39 | |
| 1974 | - Обработка на книгата<br>- Услужување на периодика (продолжува) | **Оливера Стефановска** |
| 1974 | Се формира Оддел музикалии | Само се прибираат материјали |
| 1974-1976 | Изградена конструкцијата на Новото крило на Библиотеката | Во продолжение на Старото крило |
| 1974 | Работно место Секретар | **Алеко Вртановски** |
| 1977 | | **Стојко Стојковски, директор** |
| 1977 | Библиотека во с. Новаци | **Раде Ристевски** |
| 1977 | Формирање на работно место Роднокраен оддел и Оддел за туѓа литература | **Лилјана Тасевска** |

| | | |
|---|---|---|
| 1982 | Библиотеката се проширува во новоизградениот простор, кој е | функционално поврзан со Стариот дел на ул. Ленинова бр. 39 |
| 1984 | Библиотечните процеси преку 8 организациони единици: 1.Комплетирање на библиоте-чен материјал ; 2. Стручна обработка на монографски и периодични публикации | 3. Библиографско-библиотечни информации 4. Позајмување и услуга 5. Унапредување на библиотекарството 6. Посебни книжни фондови 7. Заштита и репрографија; 8. Општи служби |
| 1984-1994 | Набавен е **Минифиш** за умножување на каталожните картончиња | Оддел за стручна обработка на монографските публикации |
| 1984<br>1985 | Работно место **Библиотечно-библиографски информации**<br>Работно место **Изготвување на информативен билтен** | **Цветанка Дамјановска, Ружа Пејковска, Љубица Сајкова**<br>**Љубица Сајкова** |
| 1985 | Работно место **Дробен печат** | **Ружа Пејковска** |
| 1985 | Работно место **Популаризација на книгата** | **Драги Кабровски** |
| 1985-1988 | Предавање стручен предмет "**Библиотекарство**" на **III** и **IV клас** во Гимназијата "Јосип Броз Тито" | **Благој Николов** |
| 1986 | Почнува да се изработува **Роднокрајна библиографија** | **Цветанка Дамјановска**<br>**Лена Секуловска**<br>**соработник Лилјана Тасевска** |
| 1988<br>1990 | (СДБМ) Сојуз на друштво на бблиотекари на Мак., Гевгелија<br>**Почеток на автоматизација** на библиотечните процеси (**Еднонеделна обука во IZUM** - Марибор | **Кореферат Цветанка Дамјановска, Ленче Секуловска**<br>**Николче Вељановски** |
| 1992 | **Први online записи** од Роднокрајната литература | **Николче Вељановски** |
| 1992 | **Бесплатни списанија – конкурирање во Америка преку Сорос** | **Николче Вељановски** |
| 1992 | **Обука на компјутери – Chi – writer во „Мегасофт"** (во заводот за вработување) (дванаесеттина вработени) | **Организирано од Николче Вељановски** |
| 1993 | Пренесување на Детската библиотека во Новото крило | |
| 1993-2000 | | **Добри Петровски, директор** |
| 1993 | **Добиена прва компјутерска опрема од 26.000 УСА – конкурирање во Будимпешта** | **Николче Вељановски** |
| 1993 | **Обука за работа со CD-ROM бази на податоци (една недела)** во Будимпешта, Унгарија | **Николче Вељановски** |
| 1993 | Прва ***Роднокрајна библиографија „Битолски весник" : статии 1964 – 1974*** **(Св. 1)** | **Цветанка Дамјановска**<br>**Лена Секуловска**<br>Соработници **Живко Богданов и Лилјана Тасевска** |

| | | |
|---|---|---|
| 1993 - 2010 | **„Поетски бранувања 1993" натпревар на млади литературни творци од градот** | **Илија Мерковски, Драги Кабровски, Илче Стојановски** |
| 1994 - 2010 | **„Поетски бранувања 1993" Билтен** | **Илија Мерковски, Драги Кабровски, Илче Стојановски** |
| 1994 | Прв **Републички семинар за библиотекарство на англиски јазик (дваесетина библиотекари) (во траење од една недела)** | Организиран од Институтот Сорос Отворено општество Македонија |
| 1994 | Прво промовирање во звање **Виш библиотекар** | **Добри Петровски, Цветанка Дамјановска, Лена Секуловска, Николче Вељановски и Лесанка Врклевска** |
| 1994 | **Прв проект за автоматизација – <u>Bitola 1</u> do Open Society Institute -** | **Regional Library Program-Budapest Николче Вељановски** |
| 1994 | Туѓа литература - први **online записи** Оддел за стручна обработка на монографски публикации - први **online** записи | **Николче Вељановски Јоланда Бошевска Маргарита Мачковска и Анастасија Милевска** |
| | Оддел Периодика - први **online** записи | **Лесанка Вркаевска** |
| 1995 | **Прв зборник на трудови** *Библиотеките во Битола и Битолско* | Научен собир, Библиотеките во Битола и Битолско |
| 1995 | Прва ***Монографија на МУБ „Св. Климент Охридски"*, јубилеј 50 - години** | Текстовите се од вработените. **Главен уредник Добри Петровски** |
| 1995 | **Престој** во **Мортенсон центарот** при **главната библиотека** на Универзитетот на Илиној, Урбана Шампањ, Охајо САД | **Престој од четири и пол месеци** на **Николче Вељановски** во првата автоматизирана библиотека во САД |
| 1995 | **16. Конференција на Американската библиотечна асоцијација, Њујорк, САД** | **Николче Вељановски** |
| 1995 | Формиран **Компјутерски информативен центар** – странски списанија и бази на податоци на CD; PROQUEST | **Одговорен Николче Вељановски** |
| 1995 | **Online** пребарување на **медицинските бази на податоци**: MEDLINE, SAMCD, JAMA итн. | **Николче Вељановски Јоланда Бошевска** |
| 1995 | Онлине **пребарување** на PROQUEST база на податоци со 1000 списанија од повеќе области | **Николче Вељановски Јоланда Бошевска** |
| 1995-2001 | Формирање Француска читална | **Цветанка Дамјановска** |
| | Француски конзулат во МУБ | **Калиопи Стилиновиќ – Кривашија** (почесен конзул) |
| 1996 | Набавен е **Алфа - сервер 400/166** и друга **компјутерска и мрежна опрема.** (Еднонеделна обука во IZUM - Марибор) Извршена е **обука** на **вработените и на еден систем библиотекар** | Проект, одговорен за автоматизацијата и **посредник за обуката на вработените Николче Вељановски** |

| | | |
|---|---|---|
| 1996 | **Семинар за за библиотекари во Француските читални, Центар за педагошки студии** (CIEP), Париз (Севр), Франција | **(една недела) Цветанка Дамјановска** |
| 1996 | Вовецување на **предметна систематизација** во Одделот за стручна обработка на монографски | и периодични публикации **Николче Вељановски Митре Талевски** |
| 1996 | Започнато е со комплетна **(ретроспективна) библиографска обработка** на библиотечниот фонд | со програмска поддршка на COBISS, одржуван од (IZUM) - Марибор Одговорен **Николче Вељановски** |
| 1997 | Проект на Библиотеката и Сорос Отворено општество Македонија **„Семинар за интегратори според методологијата Адижес“** – Охрид, Велес и Прилеп | Учество на повеќе библиотекари од Македонја. Предавачи: **Добри Петровски, Николче Вељановски, Цветанка Дамјановска** |
| 1997 | Проект на Библиотеката и Сорос Отворено општество Македонија **„Обука, водство и промени во образованието, подпроект: обука наставници библиотекари“** хотел „Стрежево“ Нижеполе | Предавчи: **Добри Петровски, Благој Николов, Јоланда Бошевска, Малгожата Мачковска, Анастасија Милевска** |
| 1997 | ***Роднокрајна библиографија „Битолски весник“ : статии 1975 - 1985*** (Св. 2) | **Лена Секуловска и Цветанка Дамјановска. Соработници: Живко Богданов и Јоланда Бошевска** |
| 1997 | Работно место **Систем библиотекар** | **Николче Вељановски** |
| 1997 | Работно место **Систем инженер** | **Гордана Ѓуровска (Пешевска)** |
| 1998 | Прв **Доктор на науки** | **Д-р Николче Вељановски** |
| 1998 | **Прво** промовирање во звање **Библиотекар советник** | **Д-р Николче Вељановски** |
| 1998 | **Прва online Роднокрајна библиографија „Битолски весник“ : статии 1986-1995 (Св. 3)** | **Цветанка Дамјановска Лена Секуловска Јоланда Бошевска** |
| 1998 | **Семинар за обука Интернет** | во организација на Сорос и „СЕМОС“ Скопје |
| 1999 | **Награда “4-ти Ноември на Општина Битола за колективен труд, книгата „Печатарството и издаваштвото во Битола”** | **Дипломи за повеќе библиотекари за особени остварувања во областа на културата за 1999 год.** Добри Петровски, Науме Ѓоргиевски, Цветанка Дамјановска, Благој Николов |
| 1999 | **Прва награда „Климентова повелба”** | **Добри Петровска** |
| 2000-2002 | | **Анета Стефановска, директор** |
| 2001 | Набавено **службено возило** | |
| 2001 | Први раководители на Одде**ли** | **Благој Николов и Науме Ѓеоргиевски** |
| 2001 | Формирање **Француска алијанса** | **Жан Пол Франсоа** |
| 2001 | **Обука (30) дена** во IZUM, Марибор | **Благој Николов** |
| 2002 | **Обука** (една недела) во IZUM, Марибор | **Благој Николов** |
| 2002 | Библиотеката стана член на Заемната библиографска база COBIB/MK | Заемната база се формира од записи на НУБ - Скопје и МУБ - Битола |

| | | |
|---|---|---|
| 2002 | **„Битола низ вековите"** Библиографија на монографски публикации | **Благој Николов и Науме Ѓоргиевски** |
| 2002 | Набавен половен **електричен нож** за сечење на хартија | |
| 2002 | Основање на **КНИИЦ** (Компјутерски научно-истражу-вачки информативен центар) | Основачи: МУБ-Битола и Сојуз на студенти на Универзитетот во Битола со спонзорство на USA AID |
| 2002 | Библиотека во с. Могила | **Јелена Петровска** |
| | Библиотека во с. Кравари | **Благоіче Ѓупаровски** |
| 2002, 2004, 2006, 2007, 2009, 2011 | Конференции COBISS Марибор, Словенија | **Учество на повеќе библиотекари од Библиотеката. Благој Николов учествува со труд (2002)**<br>**Јелена Петровска – труд (2005)** |
| 2003-<br>2003 | Бетонска патека за хендикепирани | **Јелена Петровска, директор** |
| 2003 | Списание (тримесечник)<br>**"Библиотечен тренд"** | Проект на **д-р Николче Вељановски,** главен и одговорен уредник |
| 2003 | Промовирана **ВЕБ страница** на Библиотеката | **Гордана Пешевска** |
| 2003 | **Автоматизирано зајмување** на библиотечниот материјал - COBISS/Зајмување | Обуката на вработените за работа со овој модул од **Благој Николов** |
| 2003 | Прва **специјална Библиографија** на Универзитетот "Св. Климент Охридски" 1979-1999 | **Цветанка Дамјановска**<br>**Лена Секуловска**<br>**Јоланда Бошевска** |
| 2003 | Хауптбухерај – Главна библиотека во **Виена – Австрија** | Посета од **Јелена Петровска** |
| 2003 | **Посета на Универзитетска библиотека „Џон Робартс" – Универзитет на Торонто, Канада**<br>(една недела – со сопствени средства) | **д-р Николче Вељановски** |
| 2003-2015<br>**Прво место**<br>2006, 2008, 2009, 2012;<br>Второ место<br>2007, 2010 | Прв **Општински натпревар „Млади Библиотекари"**<br>**Освоени 4 први и 2 втори места на Републичките натпревари „Млади библиотекари"** | **д-р Николче Вељановски, претседател, Јоланда Бошевска, Драги Кабровски** (од 2005-2015 **Јоланда Бошевска, претседател**, Илче Стојановски, (Драги Кабровски – до 2011) Олга Димитриевска во 2012 год. и од 2013 Гордана Пешевска |
| 2004 | Петти **Републички натпревар „Млади библиотекари" 2004** во Библиотеката во Битола | **Миле Бошески, Магдица Шамбевска, Јоланда Бошевска** |
| 2004<br>2004 | Библиотеки во повеќе градови.**Финска**<br>**Владимир Костов - персонална библиографија -** | Посета од **Јелена Петровска**<br>**Цветанка Дамјановска, Лена Секуловска, Јоланда Бошевска** |
| 2004 | **Роднокрајна библиографија** на Битолски весник 1986-1995 (Св. 4) | **Цветанка Дамјановска, Лена Секуловска, Јоланда Бошевска** |
| 2004 | **Работилница „Менаџментот и неговата примена во работата на народните библиотеки во РМ", хотел „Климетица", Охрид** | **Јелена Петробска, Цветанка Дамјановска, Добри Петровски** |

| | | |
|---|---|---|
| 2004 – 2013 - | Нов **"САЕМ на книгата - Битола 2004"** | **Науме Ѓоргиевски** |
| 2004 | Набавен е **Алпха сервер ДС15** Автоматизација на народните библиотеки од западниот регион на РМ (реализирана првата фаза) | Проект изработен, раководен и реализиран од **Гордана Пешевска** и **Благој Николов** |
| 2004 | Програм за членски карти со **слика во боја** | **Благој Бошевски, Маријан Котевски и Илче Стојановски** |
| 2004/5 | Основање на **Центар за автоматизација** | **Гордана Пешевска** |
| 2004/5 - | **Прва фаза на автоматизација на библиотеките западниот дел на Македонија - проект** (Прилеп, Кичево, Струга, Охрид, Тетово) | **Гордана Пешевска и Благој Николов** |
| 2005 | **Укинато раб. место Ноќен чувар** | **"Карпатиа", агенција за обезб.** |
| 2005 | Воведување на **Креативна работилница**- Детска библиотека | **Јелена Петровска, директор** |
| 2005 | **Курс за работа на компјутери -** Електронска канцеларија | **Јелена Петровска, директор** |
| 2005 | ***Монографија НУУБ "Св. Климент Охридски" Битола,*** по повод **јубилејот 60- години ...** | Текстовите се од вработените. **Главен и одговорен уредник Јелена Петровска** |
| 2005 | **Оценувачка мисија на генералниот инспектор за библиотечна дејност, Жан – Мари Арну од Париз (три дена)** | Валоризација на работата на НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола **(Анкети и анализи за работата на Библиотеката – Цветанка Дамјановска)** |
| 2005 - 2015 - исклучок 2006г. | ***Тркалезна маса*** **- Прва литературна средба на роднокрајните битолски писате-ли од Македонија** | ***60-години НУУБ - Битола*** Проект на д-р **Николче Вељановски** |
| 2005 | **"Прва роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија" - Зборник 1** | **Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски** |
| 2005 | **Второ промовирање во звање библиотекар советник** | **Благој Николов** |
| 2005 | **„Битолски автори – библиографија на монографски публикации"** | **Благој Николов** |
| 2006 | **Градска библиотека на Епинал, Франција,** Оддел за Заштита на библиотечните материјали | **Посета од Светлана Талевска** |
| 2006 | **Прв проект за меѓународна соработка (Заедно од двете страни на границата) „Тими Митко" – Корча, Албанија** | Посета на делегација од **Албанија** |
| 2006 - 2006-7 | **„Тими Митко" – Корча, Албанија (Заедно од двете страни на границата)** | **Науме Ѓоргиевски, директор** Посета во **Албанија** од **Науме Ѓоргиевски, Цветанка Дамјановска и Лепче Андоновска** |
| 2006 | **„Приватните библиотеки во Битола"** | **Лепче Андоновска** |
| 2006- денес | **Учество на Библиотеката со повеќе проекти, секоја година, на БИТ – ФЕСТ, Битола** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2007 | **Културен информативен центар на РМ во Р Бугарија, Софија Изложба „Битолско книжевно наследство”** | **Науме Ѓоргиевски, проф. Златко Жоглев, Анета Стефановска, Ленче Андоновска, Гордана Пешевска** |
| 2007 | **“Втора роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија” - Зборник 2** | **Главен и одговорен уредник Николче Вељановски** |
| 2007 | **Водач низ НУУБ „Св. Климент Охридски” - Битола** | **Ленче Андоновска** |
| 2007 | **Вера Стојчевска - Антиќ - персонална библиографија** | **Јоланда Бошевска, Цветранка Дамјановска и Лена Секуловска** |
| 2007 | **ЦД – РОМ „Од ризницата на стари книги во битолските цркви”** | **Цветанка Дамјановска, Јоланда Бошевска, Лена Секуловска** |
| 2007 | Книга **„Значајни личности за Битола”** | **Ленче Андоновска, Науме Ѓорѓиевски, Благој Николов, Трајко Огненовски, Гордана Пешевска, Анета Стефановска и Светлана Талеска** |
| 2007 | **„Песни – од ракопис до книга” од Ванчо Николески** | **Науме Ѓоргиевски и Анета Стефановска** |
| 2008 | Книга **„Значајни личности за Битола - писатели”** | **Ленче Андоновска, Науме Ѓорѓиевски, Благој Николов, Гордана Пешевска, Анета Стефановска и Светлана Талеска** |
| 2007 | **Втора фаза на автоматизација на библиотеките западниот дел на Македонија - продолжение** (Гостивар, Дебар, Неготино, Крушево и Демир Хисар) | **Гордана Пешевска и Благој Николов** |
| 2007, 2009, 2011, 2013 | Меѓународна конференција **„Вроцлавски средби на библиотекари”** во Вроцлавска политехника, Вроцлав Полска | **Марија Малгожата Мачковска учествува со трудови** |
| 2008 | Меѓународна конференција **„Јавните библиотеки во служба на регионот”** Долношлонска јавна библиотека, Вроцлав, Полска | **Марија Малгожата Мачковска учествува со труд** |
| 2008 | Меѓународен собир “**Денови на специјалните и високошколските библиотеки**”, Опатија, Хрватска | **М-р Јелена Петровска учествува со труд** |
| 2008 | **„Библиотечно работење – прирачник за сите видови библиотеки. Кн.1 Акцесорна обработка и нејзина примена во автоматизираното работење”** | **Благој Николов** (приватно издание) |
| 2008 | **ДВД – РОМ за НУУБ „Св. Климент Охридски” Битола** | |
| 2008 | **Библиотека „Марко Марулиќ” – Сплит, Хрватска** | **Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска, Ленче Андоновска, д-р Николче Вељановски** |
| 2008 | **„Тадеуш Микулски” – Вроцлав, Полска** | Посета на делегација од **Полска** |
| 2008 | **„Тадеуш Микулски” – Вроцлав, Полска** | Посета од **Малгожата Мачковска** |

| | | |
|---|---|---|
| 2008 | Библиографија на Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола | Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска и Лепа Секуловска |
| 2008 | Книга „Значајни личности за Битола - писатели" | Ленче Андоновска, Науме Ѓорѓиевски, Благој Николов, Гордана Пешевска, Анета Стефановска и Светлана Талеска |
| 2008 | „Свети Климент Охридски" од Вера Стоічевска – Антиќ | Рецензент д-р Николче Вељановски |
| 2008 | „Песни" (од ракопис до книга) од Ванчо Николески | Науме Ѓоргиевски и Анета Стефановска |
| 2008 | „Трета роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија" - Зборник 3 | Главен и одговорен уредник д –р Николче Вељановски |
| 2008 | Културен информативен центар на РМ во Р Бугарија, Софија Изложба „Македонија од антиката до денес" | Илче Стојановски, Благој Бошевски |
| 2008 | Завршна фаза на автоматизација на библиотеките западниот дел на Македонија - продолжение (Македонски Брод и Ресен) | Гордана Пешевска и Благој Николов |
| 2008 | Набавка на ALFA – сервер DS – 15 | Локалните бази на сите јавни библиотеки од Западниот регион (12) |
| 2008 | Замена на старата компјутерска опрема со нова (LCD – екрани) | Заменети се и 10 терминали со компјутери |
| 2008 | Реставрација и конзервација на фасадата на Старото крило на Библиотеката | |
| 2008 | Награда на градот Битола „4 Ноември" | За Библиотеката |
| 2008 | Инструктор за COBISS2 / Заімување | Благој Николов |
| 2008-2012 | Инструктор во Центарот ВБМ – во НУБ „Св. Климент Охридски" Скопје | Благој Николов – ги обучува библиотекарите од Македонија за добивање на лиценци во COBISS2 / Заимување |
| 2009 | ДВД – РОМ „Од ризницата на стари книги во црквите во Битолско" | Цветанка Дамјановска, Јоланда Бошевска, Лена Секуловска |
| 2009 | "Четврта роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија" - Зборник 4 | Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски |
| 2009 | „Од љубов кон Пелистер засекогаш на Еверест" - брошура | Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски |
| 2009 | Каталог на Одделението за деца | Олга Кузмановска |
| 2009 | „Каталог на стари и ретки книги" | Ленче Андоновска |
| 2009 | Книга „Водич низ периодиката на НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола | Лидија Мирчевска и м-р Милка Котевска |
| 2009 | Книжевен зборник на писатели | Проект на Ленче Андоновски и Гордана Пешевска |

| | | |
|---|---|---|
| 2009 | Раскази и народни песни – (од ракопис до книга) од Ванчо Николески | Составиле Науме Ѓоргиевски и Анета Стефановска |
| 2009 | „Ленин" – Москва, Русија | Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска |
| 2009 | „Иван Вазов"- Пловдив, Р. Бугарија | Посета на делегација |
| 2009 | „Иван Вазов"- Пловдив, Р. Бугарија | Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска, Јоланда Бошевска, Илче Стојановски |
| 2009 | „Поетски бранувања 2008" | Уредник Илче Стојановски |
| 2009 | „Поетски бранувања 2009" | Уредник Илче Стојановски |
| 2009 - 2014 | Надградба на Новото крило на Библиотеката – Прва фаза на изградба на поткровје | продолжува |
| 2009<br>2009<br>2009 | Замена на старата дограма од Старото крило со нова<br>Реновирање на старото крило на Библиотеката - Нови подови и плафони<br>75. Конференција на IFLA, Милано Италија | <br><br>Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска |
| 2009 | Книга „Библиотеките во Битола" | Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски |
| 2009/10 | Претседател на комисија за избор и преизбор во библиотечни звања при Министерство за култура на РМ | д-р Николче Вељановски |
| 2010<br>2010 | „Од читалиште до Библиотека" - каталог<br>„Петта роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија" - Зборник 5 | Главен и одговорен уредник Николче Вељановски<br>Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски |
| 2010 | „Ѓорѓи Димовски Цолев - персонална библиографија" | Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска и Лена Секуловска |
| 2010 | 76. Конференција на IFLA, Гетеборг, Шведска | Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска |
| 2010 | Книга „Значајни личности за Битола - култура" | Науме Ѓорѓиевски, Анета Стефановска, Светлана Талеска, Ленче Андоновска, Благој Николов, Гордана Пешевска |
| 2010 | Зборник на научни трудови од научната средба „1100 години од смртта на Свети Наум Охридски" | Раководител на проектот Ленче Андоновска |
| 2010 | Промовирање во звање библиотекар советник | Науме Ѓоргиевски |
| 2010 | Книга „Повоените македонски писатели низ страниците на периодиката во НУУБ „Св. Климент Охридски" Битола I | Лидија Мирчевска и м-р Милка Котевска |
| 2010 | Книга „Библиотеките во црквите и манастирите во Преспанско – пелагонискиот регион" | Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски и соработниците Илче Стојановски и Зоран Јанакиевски |

| | | |
|---|---|---|
| 2010 | **Вработување на 11 лица:** Инженер по информатика, библиотекар, 2 магационери, портир – цвеќар, 2 пожарникари, 3 хигиеничарки | **Зоран Јанакиевски, Александар Крстев, Фатма Бајрам (префрлена од Министерство за култура на РМ), Снежана Мицевска, Лилјана Корлевска, Јулија Христова – Кулевска, Пеце Анакиевски, Атанас Трпачевски, Игор Цинцаровски, Весна Кондинска, Снежана Димитриевска** |
| 2010 | Националната библиотека на Чешката **Република во Прага**, Чешка | **Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска, д-р Николче Вељановски, Илче Стојановски** |
| 2010 | Универзитетска библиотека за технички и биотехнички науки при Универзитетот на Дубровник, Хрватска | **Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска, Зоран Јанакиевски** |
| 2010 | Универзитет во Тракија и Централната библиотека во **Едрење, Турција** и Главната универзитетската библиотека на **Истанбул, Турција** | **Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановски, Илче Стојановски** |
| 2010 | **Симпозиум на Сојузот на балканските библиотеки, Едрење, Турција** | **Д-р Николче Вељановски и Илче Стојановски** |
| 2010 | **Награда „Климентова повелба“** | **Благој Николов** |
| 2010/12 | **После 1967 год. повторно претседателот на Библиотекарското здружение на Македонија е од Битола** | **Д-р Николче Вељановски** |
| 2011 | **Музејска поставка во делот кај „старата потирница“** | |
| 2011 | **77. Конференција на IFLA, Сан Хуан, Порторико, Јужна Америка** | **Анета Стефановска** |
| 2011 | **Градска библиотека на Задар, Р. Хрватска** | **Анета Стефановска, Илче Стојановски, Зоран Јанакиевски** |
| 2011 | **Националната библиотека на Барселона, Шпанија** | **Анета Стефановска, Јоланда Бошевска, Благој Николов, Зоран Јанакиевски** |
| 2011 | **Книга „Значајни личности за Битола - образование и наука“ -** | **Науме Ѓорѓиевски, Анета Стефановска, Светлана Талеска, Ленче Андоновска, Благој Николов, Гордана Пешевска** |
| 2011 | Книга **„„Повоените македонски писатели низ страниците на периодиката во НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола II** | **Лидија Мирчевска и м-р Милка Котевска** |
| 2011 | Книга **„НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола во меѓународната соработка“ со DVD** | **Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски, Благој Николов и Јоланда Бошевска; соработници: Зоран Јанакиевски, Илче Стојановски и Александар Крстев** |
| 2011 | **Книга „Библиотеките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола** | **Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски; соработници: Благој Николов, Зоран Јанакиевски** |
| 2011 | **„Шеста роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија“ - Зборник 6** | Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски |

| | | |
|---|---|---|
| 2011 | Посета на Централната универзитетска библиотека во Амстердам, Холандија | Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска, Илче Стојановски |
| 2011 | Посета на Виена | Науме Ѓоргиевски |
| 2012 | Фонд на Австриската библиотека во Библиотеката (фондот го обработува Гордана Пешевска, виш библиотекар) | Потпишан договор на 20.09.2012 со Амбасадорот Томас Михаил Бајер. Раководител д-р Валентина Илиевска |
| 2012 | Во посета на Средното училиште во Пустец, Албанија | Науме Ѓоргиевски (неофицијална посета) |
| 2012<br>2012 | Книга „Библиотечната дејност во Битола и Битолско, книга 1 – Од зачетоците до 1974 година” (историски развој и кратки биографии на вработените)<br>„Седма роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија” - Зборник 7 | Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски, Илче Стојановски, Гордана Пешевска, Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска, Благој Николов, Зоран Јанакиевски<br>Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски |
| 2012 | Посета од делегација на Конгресната библиотека, Вашингтон, САД | |
| 2012 | Посета на Универзитетот „Аристотел” во Солун, Р. Грција и библиотеката „Иван Вазов” од Пловдив, Р. Бугарија | Науме Ѓоргиевски, Анета Стефановска, Благој Николов, Зоран Јанакиевски |
| 2012 | Посета на Универзитетската библиотека во Истанбул, Турција | Благој Николов, Анета Стефановска, Зоран Јанакиевски |
| 2012 | Награда „Климентова повелба” | Д-р Николче Вељановски |
| 2012-2014 | Претседател на Библиотекарскопто здружение на Македонија (БЗМ) | Благој Николов |
| 2012 | Промовирање во звање библиотекар советник на тројца виши библиотекари | Анета Стефановска, Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска |
| 2012 | Меѓународен собир на 38. Собрание на Хрватското библиотекарско здружение” Осиек | Со труд учествува м-р Јелена Петровска |
| 2013 | Книга „Библиотечната дејност во Битола и Битолско, книга 2 – Од 1974 – 2013 година” (организациска поставеност на Библиотеката и кратки биографии на вработените) | Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски, Илче Стојановски, Гордана Пешевска, Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска, Благој Николов, Зоран Јанакиевски |
| 2013 | Книга „Развојот на библиотекарството во Битола и Битолско” | Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски, Благој Николов |
| 2013 | Посета на Виена | Науме Ѓоргиевски |
| 2013<br>2013 | Посета на Централната библиотека во Цирих, Швајцарија<br>Посета на библиотеката „Јаков Вилхелм Грим” во Берлин, Германија | Анета Стефановска, Благој Николов, Зоран Јанакиевски<br>Науме Ѓоргиевски, Благој Николов, Зоран Јанакиевски |
| 2013 | „Осма роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија” - Зборник 8 | Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски |

| | | |
|---|---|---|
| 2013 | Промовирање во звање библиотекар советник | Ленче Андоновска |
| 2013 | Посета на Универзитетската библиотека во Стразбур, Франција | Фатма Бајрам Аземовска |
| 2013 | IIа Обука за COBISS3/Зајмување (една недела во ВБМ, Скопје) | Благој Николов |
| 2013<br><br>2013 | Обука за COBISS3/Зајмување на 11 вработени во Библиотеката<br>Обука за COBISS3/Фонд на 20 ВБМ, НУБ „Св. Климент | Благој Николов<br><br>вработени од Библиотеката, во Охридски” Скопје |
| 2013 | Со инсталацијата на COBISS3 се изврши ЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА на ЛОКАЛНИТЕ БАЗИ на податоци во НУБ „Св. Климент Охридски” Скопје | |
| 2013 | Регионална конференција во ЈБ „Браќа Миладинови” Радовиш | Со трудови учествуваат: Малгожата Мачковска, Јелена Петровска, Благој Николов, Фатма Бајрам Аземовска |
| 2013 | „Никола Кочовски – персонална библиографија” | Јоланда Бошевска, Цветанка Дамјановска |
| 2013 | Зборник од работилницата „За значењето на книгата” | Проект на Ленче Андоновска |
| 2013 | DVD – „Звукот на брановите” за лица со оштетен слух и говор | М-р Светлана Талевска |
| 2014 | Се почнува со работа на пултот за Издавање во COBISS3/Зајмување | |
| 2014 | Обука за COBISS3/ Каталогиза-ција на вработени од НУУБ, | во ВБМ, НУБ „Св. Климент Охридски” Скопје |
| 2014 | „Деватта роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија” - Зборник 9 | Главен и одговорен уредник д-р Николче Вељановски |
| 2014 | „Каталог на дробен печат” | Ленче Андоновска, Гордана Пешевска |
| 2014 | Награда „Климентова повелба” | Анета Стефановска |
| 2014 | Промовирање во доктор на науки | Д-р Светлана Талевска |
| 2014<br><br><br>(2012-2016)<br>2014-2016 | Посета на Универзитетската библиотека во Варшава, Полска<br><br><br>Претседател на Библиотекарското здружение на Македонија (БЗМ) | Науме Ѓоргиевски, Малгожата Мачковска, Илче Стојановски, Зоран Јанакиевски<br>Благој Николов |
| 2014 (2009 - ) | Надградба на новото крило на Библиотеката – Трета фаза (занаетчиско градежни работи на поткровјето – до ентериер) | |
| 2014 | Ревизија на книжниот фонд (четири месеци) | Вклучени се сите вработени без исклучок (и пом. персоналот) |


КЛИМЕНТ
ОХРИДСКИ











# ЗБИРКА ТУЃА ЛИТЕРАТУРА

Приредил д-р Николче Вељановски,
библиотекар советник



Како посебен самостоен книжен фонд Збирката туѓа литература постои од 1977 година. Таа ја содржи монографски и сериски публикации на сите други странски јазици, освен словенските. Сместена е на одделено место од останатиот фонд. Се реди по големина на четири формати како и останатиот фонд. Сериските публикации се сместени во Одделот периодика. Моментално го нема онај обем на набавка на сериските публикации што го имаше порано (тогаш во Збирката постоеја 1000 списанија ЦД – РОМ-ови од PROQUEST – добавувачот (добиени со донација на Американскиот културен центар), од кои 400 беа во полн текст), а исто така ги нема ниту медицинските списанија на ЦД-РОМ-ови кои редовно се пребаруваа (Учество на конкурс за Централна и Источна Европа преку фондацијата Сорос Отворено општество Македонија). Во Збирката можат да се најдат комплетите за деца и возрасни на Енциклопедија Британика, како и на француската енциклопедија Универсалис, неколку поголеми атласи, Вебстер-речници и неколку други комлети на постари енциклопедии (донирани од истата Фондација).





*Посета на Универзитетската библиотека Џон П. Робартс (одд. за информатика) во Торонто, 2003*

Збирката постојано се обновува со преводите на Владата на РМ, како и со преводите на Министерството за култура и други книги кои доаѓаат по задолжителен пат, меѓународна размена, или подарени фондови. Како посебен фонд стои Австриската библиотека со околу 2500 книги. Во текот на целиот период активностите на ова Одделение се поврзани со кореспонденција, учество на разни конкурси на хуманитарни фондации (се уште пристигнуваат бесплатни списанија од странски добавувачи) и тн. Целокупниот фонд се внесува во автоматизираниот библиотечен програм програм COBISS \ Каталогизација при што комплетно стручно се обработува од еден вработен.

# СЕКТОР ЗА ПОЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА

Приредиле д-р Николче Вељановски, библиотекар советник,
Гордана Марковска

Во овој Сектор функционираат: Одделот за зајмување и услуга за возрасни со Магацинот за фондот (затворен пристап до книгата), Детското одделение со отворен пристап до книгата и Одделот Информации.



## ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

Во својата историја Библиотеката сменила повеќе локации во градот, а на сегашната адреса е пренесена во 1974 г. од зградата на ул. „Маршал Тито“ бр. 89. Во 1982 г. библиотеката се проширува во новоизградениот простор (ново крило), кој функционално е поврзан со стариот дел. Од 1957 година во состав на Библиотеката започнаа да функционираат реонските библиотеки – клонови: „Чинарот“, „Јени Мале“, „Стево Патако“. Од 1965/66 функционираат и библиотеките, во с. Бистрица, с. Буково и с. Кукуречани, а библиотеките во с. Лера и „Кочо Десано“ функционираат од 1971 година. Во с. Новаци библиотека се отвори во 1977 г. Сите овие библиотеки подоцна се затворени, се уште работи библиотеката во с. Кравари, која беше отворена во 2002 година.

Во 2003 година Библиотеката го воведе автоматизираното зајмување од сегментот COBISS3/Зајмување, а истовремено доби нов современ пулт за издавање на книги преку кои функционираат и двата оддели на овој сектор. На читателите им се понудени нови и современи форми за пристап и користење на библиотечниот материјал. На читателите им се на располагање засега 2 колективни и 4 индивидуални читални, а во доградба се повеќе други простории на првиот спрат и новоизграденото поткровје на новото крило.

Покрај тоа, нашите корисници добиваат брза, точна и квалитетна услуга. Дали бараната книга е слободна или позајмена корисникот може да добие информација преку автоматизираниот каталог или преку интернет. Достапна е и взаемната база на податоци со хост во НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје, на која се поврзани националните и локалните библиотеки од Македонија. Доколку бараната книга моментално е позајмена, читателот може да ја резервира во библиотеката или преку интернет. Има можност за нарачка на книга и точен податок кај кој читател е позајмена книгата и до кој датум треба да се врати истата. За зајмените книги се наплаќа (се наплаќа и задоцнина) и се издава фискална сметка. Функционира меѓубиблиотечното зајмување на книгата преку нарачка.



## ДЕТСКО ОДДЕЛЕНИЕ

Детското одделение функоционира од 1955 година. Од 1974 год. работеше во старото крило на Библиотеката, а од 1993 год. е преместено во новото крило. Овој сектор низ примена на повеќе форми и методи на работа ја остварува својата дејност пред се за мотивирање на навиките и културата за читање, излегувајќи им во пресрет на читателите за нивните

потреби како корисници на библиотечните услуги. Според тие сознанија се врши и набавка на нови изданија, како во одделот за возрасни, така и во детскиот оддел. Овде особено се обрнува внимание на доближување на книгата до најмладите читатели, се со цел да се всади во нив љубов кон читањето и книгата. Со препораки на книги соодветни на нивната возраст (сликовници, бајки, басни, приказни, раскази, драми, поезија и сл.) најмладите читатели се во директен допир со книгата, бидејќи магацинот на книги за деца е од отворен тип. Во детското катче се остваруваат и други форми на работа со деца, како креативни работилници, групни посети на деца од предучилишна и училишна возраст, средби со автори и промоции на нивни дела за деца, натпревари на млади литературни творци од градот, преку манифестацијата „Поетски бранувања“, учество на општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ континуирано секоја година од 2003 година па наваму. Покрај сите овие активности оставен е простор за нови идеи, бидејќи просторните услови го дозволуваат тоа. Следователно условите за работа се многу подобри и прават да е омилено катче за децата кои ја посетуваат оваа библиотека.



## ОДДЕЛ ИНФОРМАЦИИ

Овој Оддел почна да функционира во 1984 година како Библиотечно – библиографски информации на истото место каде што е и денес (на приземјето од новото крило). Од пред неколку години овој Оддел има двајца вработени кои работат во две смени исто како што работат сите вработени во Секторот зајмување и услуга. Тие им помагаат на корисниците околу пребарувањето на Каталогот и за поспецифични нивни барања. По потреба на корисниците им помагаат вработените на пултот за издавање. Фотографирањето и членските карти за корисниците се прават во портирницата.





## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА КНИЖЕН ФОНД

Во ова Одделение се подврзува оштетениот библиотечен материјал (брошурано, тврдо - платнено, шиено, полуплатнено, лајмовано, цело платно, обично и др.); дава предлози за набавка на материјал за подвр-зување; врши каширање на библиотечен материјал; изработува кутии и папки од сите видови; бигува и перфорира разни обрасци и картони.

# КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

Подготвил Илче Стојановски,
виш библиотекар



Во текот на 2010-2014 год. успешно се реализираа програмските заложби предвидени со Предлог – програмата за работа и развој на Библиотеката, надополнети со усвоените и поддржани **проекти** од страна на Министерството за култура на Р. М., Општината Битола и др. организации и институции. Исто така од особено значење е успехот во **реализацијата на проектите** од областа на **издавачката дејност** и соработката на меѓународен план. **Програмскиот директор** се грижи за непречена реализација на сите проекти на Библиотеката за кои редовно поднесува годишни и други извештаи од работењето на Установата.

Во последниот период имавме активен однос кон манифестациите преку разни форми и облици за збогатување и популаризација на книгата, културата на читање, нашето работење и културата воопшто, нов пристап кон медиумите и соработката со соодветни институции друштва и здруженија од областа на културата, науката и образованието при реализацијата на програми од заеднички интерес и интерес на граѓаните. Посебен однос и пристап кон заштитната на библиотечните добра, особено книжевното наследство. Обука и стручно усовршување на кадрите во сегментите на програмата COBISS и другите библиотечни програми и процеси во текот на работењето.

Библиотеката големо внимание посветува на културните манифестации со што се овозможува популаризација на книгата. Изложби на книгата се организираат уште од 1957 година.

Во1985 година во просторијата на Одделот Информации работи и одговорниот за популаризација на книгата. Подготвува концепции и сценарија за изложби и друг вид манифестации; работи на поставувањето и аранжирањето на изложбите; иницира и организира други културни манифестации: предавања, научни трибини, литературни средби, промоции и сл.); комплетира и ажурира документација за културните манифестации (фото и аудио документација, плакати, покани, излагања и сл.); доставува текстови за ажурирање на ВЕБ страната на Библиотеката; изготвува изложби на белетристика и стручни книги и ја популаризира преку јавни гласила; соработува со образовно - научни и културни институции.

Можат да се споменат средбите со автори и промоции на нивни дела за деца, натпревари на млади литературни творци од градот, преку манифестацијата „Поетски бранувања“ (1993-2010), општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ континуирано секоја година од 2003 година до денес. Групните посети на деца од предучилишна и училишна возраст се секогаш директно организирани со претставување на работата на Библиотеката, нејзините просторни и функционални можности.

Во Библиотеката секоја година на 23. Април се одбележува Светскиот ден на книгата, месецот на книгата, денови на културата, мини саеми на книгата, се одржуваат конференции на библиотечни асоцијации, семинари, се реализираат проекти за меѓународна соработка.



Драги Кабровски (работи од основањето до пензионирањето во 2012 г.)





Фатма Бајрам Аземовска во Сразбур, Франција

# СЕКТОР ОПШТИ СЛУЖБИ

Подготвила Ленче Андоновска,
библиотекар советник



Работните задачи од доменот на овој сектор се извршувале од основањето на Библиотеката односно од нејзиното постоење и тоа на различни начини, со оглед на фактот што од формирањето до денес Библиотеката имаше повеќе трансформациски промени. За првпат, во 1965 година донесен е Статут на Библиотеката во кој е наведено дека внатрешната организација на работата ќе се одвива преку организациони единици во кои е предвидена административна служба. Во 1969 година изготвен е нов Статут во кој се определени служби преку кои ќе се извршува дејноста на Библиотеката и со него беше потврдена административната служба. Со измените и дополнувањето на Статутот во 1972 година финансова-административната служба постоеше. Нов Статут е донесен во 1973 година со кој е предвидена административна и сметководствена служба а во 1978 година донесен е Правилник за систематизација на работите и работните задачи со кој се формирани општи служби. Со Статутот од 1984 година дефинирано е дека Библиотеката ќе работи во 8 организациони оддели во кои влегува и Одделот за општи служби. Во 2004 година донесен беше нов Статут на Библиотеката и децидно беше потврдено дека Библиотеката ќе функционира преку 8 организациони единици – сектори, во кои влегува Секторот Општи служби кој функционира до ден денес.

Во Секторот општи служби има две одделенија и тоа:

**1. Организационо – административно одделение**

**2. Одделение – Техничко одржување и обезбедување на објектот**

Организационо – административно одделение ја организира, планира и координира работата на Библиотеката, со посебна грижа за законитоста во работењето. Истовремено ги усогласува и дополнува актите согласно најновите законски прописи, ги изработува програмите и плановите за развој и ја организира работата на управните и стручните органи и се обезбедува доследно применување на донесените одлуки. Паралелно со тоа се организира соработка на овој план со библиотеки и сродни институции, навремено се регулираат правата што произлегуваат од работниот однос, се спроведуваат постапки за јавни набавки, се води грижа за правилно административно архивско работење кое во последните години е автоматизирано со посебна програма за архивско работење и кадрова евиденција. Доследно се применуваат сите законски одредби од областа на одбраната, работа со документи кои имаат класифицирани информации и сл.



Смиља Најденовска, техничар - документарист

Се следат и применуваат законските прописи за финансиско работење.

# ФИНАНСИСКА СЛУЖБА

Приредиле Цара Огненовска, книговодител
Трајан Чагорски, благајник

Во финансиската служба на НУУБ „Св.Климент Охридски“- Битола во изминатиот период до денес се реализирани голем број на проекти од областа на библиотечното работење, од областа на издавачката дејност, меѓународната соработката на Република Македонија со другите држави од светот, реализирање на јавни набавка за проекти за изведување на градежни работи околу реновирање на ентериерот на старата зграда на библиотеката, санација на



подрумските простории од старата зграда и изградба на поткровје на новата зграда на Библиотеката.

Финансиската служба ги извршува задачите: навремено заведување на пристигнати и издадени фактури во влезната и излезна книга; секојдневна , ажурна евиденција на целокупната финансиска документација(изработка на касов извештај,фактури и друга документација, нејзино книжење како и евиденција и заведување во посебни картици на новонабавениот ситен инвентар и опрема; следење и водење на евиденција на малите јавни набавки и изработка на месечни и годишни финансиски планови склучени помеѓу Министерство за култура и Библиотеката; следење на јавни набавки според законските прописи запазување на роковите при реализација на договорите и плаќање на фактурите со цел зпазување на принципот за ажурно измирување на обврските спрема добавувачите на буџетска сметка, сопствена сметка и сметка за донации; изработка на финансиски планови од областа на библиотечна дејност, меѓународна соработка, издаваштво, нивна реализација и доставување на финансиски извештаи до Министерството за култура;наративни извештаи за реализираните средства по проекти како и изработка на разни известувања, барања за проширување на планови, изработка на разни ургенции и друго.

**Благајничката служба** изготвува разни платни списоци (плата, општествена исхрана, патарина, детски додаток); пресметка и исплата на персонален данок од плата; изготвува готовински и барирани чекови; изготвува вирмански налози; врши готовински исплати и уплати; составува благајнички извештај; составува годишни и периодични извештаи; ги составува обрасците М-4 и доставува; изготвува разни обрасци; ги книжи платите на вработените во личен картон; го сложува материјалното со финансиското книговодство; изготвува дневен, месечен, тримесечен и годишен извештај

Од 2008 година кадровското, благајничкото и сметководственото работење во библиотеката се остварува преку примена на современ компјутерски софтвер.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКО ОДРЖУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ

Се овозможува редовно одржување на објектот во поглед на исправноста на инсталациите на парното греење, осветлување на објектот, вода, одржување на опремата и инвентарот, контрола и евиденција на надворешни лица, давање општи информации на корисниците и посетителите, води грижа за редот и дисциплината во зградата, одржување на дворните површини. Грижа и одржување на зградата на Библиотеката од пожари, кражби, оштетувања и сл., надзор над противпожарните апарати, се алармира и на соодветни служби и лица во случај на потреба и истовремено ги отстранува причините што можат



да предизвикаат и други штети. Се грижи за одржување на хигиената во деловниот простор и дворното место на Библиотеката, како и за правилно и рационално користење на хигиенските средства.





## ПЕНЗИОНИРАНИ ВРАБОТЕНИ













# РАЗГОВОР СО БЛАГОЈ НИКОЛОВ

**Раководител на Секторот за унапредување на библиотекарството при НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола**



***Работите како библиотекар советник. Од кога сте вработени во библиотеката и на кои работни места?***

Вработен сум од 01. 02. 1985 година, значи 30 години, во Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола на повеќе работни места во Библиотеката, односно во повеќе сектори и тоа:

- повеќе од една година работев во Секторот Зајмување и услуга за возрасни,
- од 1986 година распореден сум на местото Матична дејност се до 2000 година,
- од 2001 до јануари 2003 работам на местото Раководител на секторот Унапредување на библиотекарството.
- Од февруари 2003 повтороно работам на местото Матична дејност кое се преименува со донесувањето на Законот за библиотеки во 2004 година во Развој на библиотекарството се до декември 2006 година.
- Од 2007 до 2010 година раководител сум на Секторот за Унапредување на библиотекарството,
- од 2011 година работам како Раководител на сектори – Сектор стручна обработка на монографски и периодични публикации, Сектор библиографско-библиотечни информации, Сектор Зајмување и услуга за возрасни и деца, Сектор заштита и репрографија, Сектор унапредување на библиотекарството.

***Едно време работевте како предавач по предметот Библиотекарство во Гимназијата „Јосип Броз Тито“, а потоа продолживте со обуки на библиотекари, кажете ни за вашата инструкторска работа.***

Во периодот од 1985 до 1988 година, покрај задолженијата во матичната установа, работев и како вонреден професор по предметот Библиотекарство во гимназијата „Јосип Броз Тито“ – Битола, предавајќи на III и IV година – клутуролошка насока. Во овој период иако со работно искуство – многу малку за еден ваков предизвик но со упорно следење на литература влегов во суштината на библиотекарството како една од најстарите науки.

Со прераспоредувањето на работното место Матична дејност во 1986 година, се јави потреба од обучување на библиотекарите од училишните, високошколските и специјалните библиотеки за техничката обработка на книгата и работење според стандардот ИСБД (м), а со тоа започна и мојата инструкторска работа.

Годините натаму со автоматизирањето на нашата библиотека и престојот во Марибор – Словенија за обука за работа во системот COBISS2 во 2001 кој траеше 30 дена, одржувањето на курсот COBISS2/Каталогизација за библиотекарите од западниот дел на Маедонија, кој се одржа во нашата библиотека, воден од инструктор од Словенија на кого му асистирав за време на изведувањето на овој курс. Година подоцна обуката во ИЗУМ – Марибор, Словенија за COBISS2/Зајмување се заокружи со обуките за работа во сегментите на автоматизираното работење. Следните години вршев обука како на библиотекарите од нашата институција така и на библиотекарите од Р Македонија. Во 2004 година со колешката Гордана Пешевска изработивме проект за автоматизираното работење на библиотеките од западниот дел на Македонија во кој влегоа библиотеките од Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга, Охрид, Прилеп, кој беше финансиран од Министерството за култура. Во 2008 година полагав пред иструктор од ИЗУМ Марибор, Р Словенија за предавач во

Центарот на ВБМ во Скопје за COBISS2/Зајмување. За време на целиот период од 2002 година до денес повикуван сум од страна јавните библиотеки во Македонија за стручна помош и дообука за автоматизираното работење.

***Ретко кој напишал прирачник за каталогизација од библиотекарите, а автор и коавтор сте и на други библиотечни публикации чиј издавач е Библиотеката. Кажете ни нешто повеќе за изданијата.***

Имаше обиди да се изработат вакви прирачници но сето тоа се сведуваше само на скратени изданија од стандардот ИСБД(м). Согледувајќи ги потребите од изработка на вакви прирачници се зафатив со една







голема работа. Теренот на кој скоро секојдневно работев самиот ги истакна потребите за подготовка и изработка на вакви помагала. Во 2008 и 2009 излегоа од печат прво *„Библиотечно работење : прирачник за сите видови библиотеки. Кн. 1, Акцесорна обработка на библиотечниот материјал и нејзина примена во автоматизираното работење*“, а потоа и втората книга *„Библиотечно работење : прирачник за сите видови библиотеки. Кн. 2, Библиографски опис на монографски публикации според ISBN(m) и неговата примена во автоматизираното работење*“. Истите се преведени и издадени и на албански јазик во 2011. За овие прирачници мојот колега Богомир Наумоски ќе рече во предговорот *„...слободно ќе речам библиотекарски учебник, притоа користејќи бројни карактеристични примери со кои се поткрепуваат и уште поблиску се дообјаснуваат и конкретизираат поставените библиотекарски правила.*“ Овие прирачници се издадени со поддршка на Министерството за култура.

Коавтор сум во повеќе публикации издадени од мојата установа, а ќе спомнам само неколку „Значајни личности за Битола“, 2007; „Библиотечната дејност во Битола и Битолско. Кн. 1, Од зачетоците до 1974 година“, 2012; „Развојот на библиотекарството во Битола и Битолско и видови библиотеки“, 2013; и др. Составувач сум на повеќе библиографии за авторите од мојот град, „Битолските автори“, 2005 и библиографија за градот „Битола низ вековите“, 2001. На покана од Библиотеките во Кичево и Охрид, заедно со колегите од овие библиотеки ги издадовме библиографиите „Кичевските автори“, Григор Прличев“ и „Охридските автори“. Имам пишувано и повеќе статии за библиотекарството објавувани во стручни списанија.

***Работевте во одделението Матична дејност, потоа бевте раководител на Секторот за унапредување на библиотекарството. Во што се состоеше Вашата работа тогаш и сега?***

Додека работев во одделението Матична дејност моите обврски беа да ја проучувам состојбата, потребите и условите за развој на библиотечната мрежа, организацијата и унапредувањето на библиотечната дејност и да давам стручни мислења и предлози. Организирав и вршев дообука и стручно оспособување и усовршување на библиотечниот кадар како во мојата установа така и на подрачјето кое го опфаќа Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола. Укажував потребна стручна помош, организирав предавања, советувања и семинари за обука на библиотечниот кадар. Се грижев за примената на стручните стандарди и правила во библиотечното работење во сите видови библиотеки. Со назначувањето раководител на Секторот за унапре-



дување на библиотекарството, работните задачи од одделението матична дејност останаа но се додадоа како што се грижа за навремено извршување на задачите, изготвување на проекти за поуспешна работа во установата, дисциплината и сл. Од 2011 година раководител сум на секторите – Сектор стручна обработка на монографски и периодични публикации, Сектор библиографско-библиотечни информации, Сектор Зајмување и услуга за возрасни и деца, Сектор заштита и репрографија, Сектор унапредување на библиотекарството, а со тоа и обемот на работа е зголемен.

***Зошто е потребна ревизија во една библиотека?***

Како раководител на секторите а воедно и според Законот за библиотеки во нашата земја (Сл. вес. бр.66/2004), оваа година мораше да се направи ревизија на фондовите со кои располага нашата библиотека затоа што секоја јавна библиотека е должна на секои пет години да врши ревизија на библиотечниот фонд. Ревизијата на библиотечните фондови е задолжителен процес во библиотечната практика, преку кој се овозможува увид во состојбата на расположивите информативни ресурси на една библиотека во одреден период. Со неа ќе се дојде до сознание:

- Општата состојба на фондов
- Квантитативната состојба на фондовите
- Квалитативната состојба на фондовит
- Состојбата на инвентарната книга
- Состојбата на библиотечните каталози
- Показатели за зајмените библиотечни материјали во одреден период
- Дефинирање на соодветни мерки за заштита, доколку за тоа има потреба

Се обидовме меѓутоа и успешно ја изведовме ревизијата без да ја затвориме библиотеката за своите корисници.



***Добитник сте на наградата „Климентова повелба“ 2010 од БЗМ***

Наградата ме поттикна уште повеќе да се заложам за унапредување на библиотекарството како во мојата матична установа така и на ниво на Македонија. Наградата ја добив за исклучителни резултати во развојот на библиотекарството во Републиката.

***Ова Ви е втор мандат како претседател на БЗМ. Кажете ни нешто повеќе за оваа функција.***

Во јуни оваа година повторно бев реизбран за претседател на БЗМ. Оваа функција е волонтерска и бара многу работа за координација на сите видови библиотеки од Македонија. Во мојот мандат дојде до промена на Статутот, Правилникот за доделување на наградата „Климентова повелба“ и изготвување на нов Правилник за доделување на награда „Библиотека на годината“ која се воведува токму од оваа година. Покрај овие значајни активности морам да го спомнам Републичкиот натпревар „Млади библиотекари“ кој оваа година ќе се одржи по 15. пат во Велес.

***Вашето хоби е поврзано со театарот. Пред да се вработите во Библиотеката бевте вработен во Народниот театар во Битола. Колку Ви недостига театарот и дали Библиотеката беше достојна замена?***

Својот уметнички го започнував на своја шестгодишна возраст со зачекорувањето на театарската сцена на Народниот театар од Битола, играјќи во претставите заедно со ансамблот. Две години 1972-73, работев како актер, а од 1979-1985 година бев вработен како секретар. Меѓутоа во ниеден момент не престанав да се занимавам со театарската дејност.

Во изминатите триесет години мошне сум активен на театарската сцена во градот и пошироко. Богатото искуство кое потекнува од средината на шеесетите години како актер и режисер. Бев во улога на драматург, режисер, актер, драматург или преведувач.

Во последниве неколку децении бев ангажиран и со создавање на драмски текстови, прилагодени за различни возрасти и со различни жанровски сижеа. Во поистакнатите театарски постановки се јавувам како организатор, текстописец, режисер, актер, па и

менаџер за дистрибуција, популаризација, афирмација и анимација а тоа се: Али Баба и 40 разбојници; Самовилата од напуштениот замок; Магарешки....; Дедо Мраз и Дедо Мразица; Ајде да запееме; Заљубени жени; Црвенкапа; Бајка за несреќната принцеза.

**Режисерски остварувања:**

Зона Замфирова - 1968; Кир Јања - 1974; Часовници - 1975; Заточениците од Алтона - 1976; Да се смееш не е грев - 1977 и 1982; Везилке кажи како.... - 1978; Јане Задрогаз - 1980 и 1990; Аферата лилјак - 1981; Шарената топка - 1982; Создавање на светот - 1983; Трилогија за лисецот - 1984; Без третиот - 1985; Ноќ на боговите - 1986; Креонтова Антигона - 1987; Свадбата на Мара - 1989; Последниот чин на комедијата на смртта - 1993; Али Баба и 40 разбојници - 1994; Самовилата од напуштениот замок - 1995; Магарешки.... - 1996; Дедо Мраз и Дедо Мразица - 1996; Ајде да запееме - 1996; Заљубени жени - 1997; Црвенкапа - 1997; Бајка за несреќната принцеза - 1998 год; Петнасесет минути до... 2002 год.; Кога жената е нема – 2005 и 2014: Магаре - 2012; Свадба – 2013.

**Татарски текстови:**

Самовилата од напуштениот замок; Магарешки....; Дедо Мраз и Дедо Мразица; Ајде да запееме; Бисера патува низ бајките; Заљубени жени; Штрумфовите и Дедо Мраз; Магарешки....; Магарешки.... II; Отеле Ѓуптинот

**Драматизации:**

Али Баба и 40 разбојници; Црвенкапа: Бајка за гускарката; Везилке кажи....;

Прашањето е помалку провокативно во оглед на замената на театрската дејност со библиотекарската, но сепак ќе се обидам да одговорам. И двете дејности се со сомема различни активности но само едно ќе кажам, доколку си ја сакате и почитувате работата секоја работа е достојна за замена и во ниеден момент нема да ви недостига другата. Јас изнајдов простор по работното време да се занимавам и со театарската дејност што одзема многу време а и откажувања во секојдневниот живот. Имено и во театарската фела ме познаваат како солиден работник но и во библиотекарската фела во мене гледаат како еден од поголемите стручни кадри во Македонија.

***Работевте и за СЦЕНА 22, автор сте и на неколку драми. Кажете ни нешто повеќе.***

СЦЕНА 22 всушност беше здружение на љубители на драмска дејност, кое јас го формирав и долги години бев претседател. Преку ова здружение со неговите членови – актери од Народниот театар Битола подготвивме голем број на проекти – детски претстави, вечерни претстави и колажи. Салите на овие претстави беа преполни, а публиката на крајот излегуваше многу задоволна. Морам да ја спомнам кабаретската претстава „Магарешки...“ во која бев автор, режисер и актер.



***Благој Николов во секојдневниот живот. Имате уште година две до пензионирање. Која Ви е преокупацијата во приватниот живот? Читате ли нешто во моментот? Дали имате некаква инспирација која Ве движела напред?***

Секојдневниот живот? Засега што би се рекло ми недостасуваат уште неколку часови за да ги завршам сите активности. Да, ако се оди како што треба в година треба да си заминам во пензија. Инаку во слободното време работам на првиот роман кој се надевам дека во идната година ќе излезе од печат. Најсреќен сум кога сум со мојот внук Предраг кој ми го исполнува секој час кога е со мене.

Инспирација – отсекогаш сум се обидувал да дадам се од себе и ниедна работа да не ја оставам на половина пат во што мислам дека успевам и тоа секако ме движи напред.

***Дали има нешто кое сте сакале, а не сте успеале да го постигнете? Дали има нешто за кое не сум Ве прашал, а сакате да кажете?***

Мислам дека се што сум зацртувал во мојот живот сум се обидувал да го постигнам. А за тоа дали сум успеал или не ќе кажат моите колеги и од библиотекарството, а секако и од театарот.

Моментално не ми паѓа на ум ништо за кое уште би дискутирале, но секако да знаете има уште многу да се кажува за мојот работен век.

*Разговорот го водеше*
*д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*














**70**

**ГОДИНИ**

**НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**






**ISSN 1409 - 9497**